Врз основа на член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), член 14 и 50 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 05/2002), а во врска со Одлуката на Советот на општина Радовиш за воспоставување на меѓуопштинска соработка од областа на инспекцискиот надзор помеѓу општина Радовиш и општина Василево бр. 08-632/1 од 28/04.2025 година и Одлука на Советот на општина Василево за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Василево и општина Радовиш бр. 08-489/1 од 10.04.2025 година,

Градоначлникот на општина Радовиш, Ацо Ристов и
Градоначалникот на општина Василево, Славе Андонов склучија

**ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

**од областа на инспекцискиот надзор**
**помеѓу општина Радовиш и општина Василево**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е вршење на определени работи од областа на инспекцискиот надзор од страна на општина Радовиш за општина Василево.

**Член 2**

Вршењето на инспекцискиот надзор се однесува на работите и работните задачи што ги извршува вработено лице во општина Радовиш во Одделението за друг вид надзор од надлежност на општината, на работно место Инспектор за животна средина кое ќе ги врши во име и за сметка на општина Василево.

**Член 3**

Услугите коишто ќе ги дава администрацијата на Општина Радовиш, односно Инспекторот за животна средина ќе се вршат по претходно издаден налог од страна на Градоначалникот на Општина Василево и се состојат од:

- Инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за заштита на животната средина;
- Грижа за чување и заштита на животната средина на територијата на целата општина;
- Изготвување на информации и извештаи за градоначалникот, Советот и работните тела;
- Покренување и водење на постапки за кои е со закон овластен пред надлежните органи;
- Спроведување на одлуки донесени од Советот на општината;

- Вршење на анализа на одредени состојби во општината и давање предлози до градоначалникот за нивно разрешување;
- Други работи поврзани со инспекција на животната средина;

**Член 4**

Инспекторот за животна средина од општина Радовиш при извршувањето на работите за општина Василево ќе ги користи административните простории во општина Василево.

Реално направените трошоци за работата на инспекторот за животна средина од општина Радовиш ќе се на сметка на општина Василево и истите ќе се исплаќаат по доставена фактура од општина Радовиш.

Извршувањето на работите од општина Радовиш ќе се врши по искажана писмена потреба/барање од страна на општина Василево, а постапувањето е најкасно 2 (два) дена по добивањето на барањето.

**Член 5**

Овој Договор ќе трае една година од денот на склучувањето.

Времетраењето на договорот може да се продолжи со анекс на договор.

**Член 6**

Овој договор може да се раскине и порано по слободна волја на една од договорните страни по претходно известување на другата страна во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

**Член 7**

За успешно функционирање и соработка градоначалниците на двете општини ќе именуваат членови во заедничката комисија за меѓуопштинска соработка.

**Член 8**

Договорните страни се согласни евентуалните спорови да ги решаваат спогодбено.

**Член 9**

Овој договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои по три за двете договорни страни.

03-705/1
21.05.2025 г.

Општина Василево
Градоначалник
Славе Андонов